EUROPEAN CENTRAL BANK

EUROSYSTEM

European Commission

**АНКЕТА ЗА ПРИСТАП НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ДО ФИНАНСИИ (SAFE)**

Почитуван г-не/г-ѓо,

Компанијата за истражување политики, Panteia, и независната компанија за истражување на пазарот, GDCC, двете од Холандија, спроведуваат важна анкета за Европската комисија и Европската централна банка (ЕCB) и би сакале да ја поканат Вашата компанија да учествува во анкетата.

Комисијата и ECB сакаат подобро да ги разберат проблемите и околностите со кои се соочуваат малите, средните и големите нефинансиски претпријатија при пристапувањето до финансии од банки и други извори за финансирање. Оваа анкета се спроведува ширум Европа и одговорите на анкетните прашања ќе ѝ помогнат на Комисијата во креирањето политики за подобрување на пристапот до финансии за претпријатија како што е Вашето, а, исто така, и на ECB во развивањето на нејзината монетарна политика.

Интервјуто трае околу 15 минути по телефон и ќе се изврши во согласност со интернационалниот правилник за пазарни и општествени истражувања ICC/ESOMAR. Ова значи дека Вашите одговори ќе бидат строго доверливи. Би сакале да зборуваме со лицето што е најсоодветно за финансиите на Вашата компанија. Доколку не сте Вие, Ве молиме известете нè следниот пат кога ќе зборуваме со Вас по телефон. Интервјуата ќе се спроведат во следниве неколку седмици.

Доколку сте во можност да учествувате, ќе ви испратиме краток преглед од клучните заклучоци по завршувањето на студијата.

Ако сакате да добиете повеќе информации за проектот, Ве молиме контактирајте со GDCC преку survey.accesstofinance@gdcc.com или ECB преку survey.accesstofinance@ecb.europa.eu.

Со почит,

Јоанидис Ганулис
Раководител на секторот за монетарна и економска статистика,
Европска централна банка

Kristin Schreiber
Director, COSME Programme,
DG Internal Market, Industry, Entrepreneurship and SMEs,
European Commission